Мемоарот на Внатрешната македоноодринска револуционерна организација — секако е сосем неосновано зашто, според еден од самите учесници во Преображенското востание и познат историчар на Илинденското востание, при 203 судири во Македонија и загинати 948 востаници, биле наполно или делумно изгорени над 150 села, додека во Одринско биле изгорени само 66 села, односно во Македонија биле уништени 10 830 куќи, а во Одринско 2 610 куќи. Во Македонија, пак, според истиот автор, заедно со востаниците, биле убиени и исклани 3 077, додека во Одринско 2 611 лица.[1]) Воопшто, како што се рече горе, слабоста на овие спомени на учесниците во Одринскиот округ се дека се тоа повеќе кратки и нивните податоци за акциите во Одринскиот округ — ситни.

Во спомените на Димитар П. Николов, во забелешката на стр. 456, се тврди дека во Зборникот бил даден и прилог факсимил на една расписка од 30 јули 1903 год., меѓутоа — таков прилог не постои во целата книга.

Зборникот Илинденско-прображенското востание, составен од горниве статии и материјали, не може да се рече дека фрла нова светлина врз овие два крупни настана, бидејќи не содржи никакви нови изворни материјали од прва рака, ниту пак нови оценки базирани врз нови факти. Спореден со порано издадената монографија за Илинденското востание на Д. Косев и со зборникот Преображенско востание под редакцијата на А. Примоски, како и по научниот третман и по новите материјали во нив, овој зборник од 1968 год. одбележува не еден чекор, туку неколку чекори назад.

*Љ. Л.*

## **Хр. Христов, Освобождението на България и политиката на западните държави. 1876—1878.** София, БАН 1968, 256

Главната теза за разгледување во оваа студија е поврзана со прашањето да се докаже дека ослободувањето на Бугарија во 1878 година не настанало како резултат од „завојувачките стремежи на царска Русија“, туку напротив — причината лежела во тоа што некои големи сили биле „виновни“ што не се остварило „единствената бугарска држава“ и „националното обединување на бугарскиот народ“. Низ таа призма авторот се обидува да ја образложи политиката на западните држави спрема овој проблем. На централно место се поставени проблемите поврзани со заклучувањето на Сан-стефанскиот мировен договор и неговата ревизија на Берлинскиот конгрес. Поврзано со тоа е разгледано ослободителното движење од 1876 година до Руско-турската војна. Целта на трудот е на тенденциозен начин да се разработи проблемот, кој во историската наука е мошне добро познат и за кој постојат објективни третмани. Затоа и констатираме ненаучно приоѓање кон низа значајни проблеми, а особено кон оние што се поврзани со македонската историја од периодот на седумдесеттите години на XIX век. Во разгледувањето на проблемите поврзани со Македонија е применет игнориран став или пак низа движечки процеси од македонската историја се инкорпорирани во бугарската историја. Тој потход ја прави книгата пристрасна и необјективна.

Трудот се состои од уводен дел и од шест поглавја. Во нив се разгледани прашањата поврзани со претпоставките на бугарското ослободување, решенијата на Цариград-

---

[1]) Хр. Силяновъ, Освободителни борби на Македония, том I София 1933, стр. 409, 429—430.

ската конференција, текот на Руско-турската војна, заклучувањето на Сан-стефанскиот мировен договор, политиката на западните држави пред и за време на Берлинскиот конгрес и неговите решенија.

Во уводниот дел е направен преглед на западната историска литература по ослободителното движење на Бугарија и по прашањето на „сан-стефанска Бугарија“. Авторот ги подложува на остра критика повеќето трудови од политичката и дипломатската историја, особено оние што не одговарале на третманот презентиран од самиот автор. Осврт е даден и на изворниот материјал, и тоа главно од бугарските, руските и англиските архиви. Меѓутоа, при користењето на овој материјал повеќе се ползува објавениот, а во помала мера необјавениот. Постојниот материјал за оваа тема не е ползуван од другите европски архиви. Стојносните ставови на Димитар Благоев и на други напредни дејци спрема прашањето на „сан-стефанска Бугарија“ не се цитираат, ниту споменуваат. Токму тоа анулирање на нивните, врз марксистичка основа засновани гледишта, ја прави книгата да има еднострaнчив и необјективен пристап.

Необјавениот потход е присутен и во централните поглавја на темата. Така, недостатно од општествено-политичка и економска страна се разгледани претпоставките и основите на бугарското ослободување. И овдека Македонија е насекаде вклучена во бугарската историја, иако нејзиниот економски и општествено-политички развиток бил сосем специфичен и различен од бугарскиот. При површниот преглед на Преродбата и на настаните до 1876 година, Македонија е вклучена во „бугарските земји“ и е наполно анулирано нејзиното самостојно развивање. Сличен таков третман наоѓаме и во образлагањето на Цариградската конференција од 1876 год. Се избегнува оделно да се разгледа прашањето за Македонија. Дури, постојните изворни материјали еднострано се користат. Така, не се споменува иницијативата на бугарските првенци до конференцијата, наместо две автономни држави (Бугарија и Македонија), да се формира една, во која да биде вклучена Македонија. Со тоа првенците сметале дека во македонскиот автономен дел ќе се проширела „сепаратистичката идеја“, кое ќе пречело за формирање на единствената бугарска држава. (Види: Освобождение Болгарии од Турецкого ига, Т. II. Москва 1961, 554.)

Во прегледот на Руско-турската војна е присутна очигледната тенденција да се акцентира и бугарското национално-ослободително движење како значаен фактор во војната. Истото тоа, но во поразработена форма го среќаваме и во поглавјето за заклучувањето на сан-стефанскиот мировен договор. Кога се прави осврт на создадената ситуација по примирјето, тенденциозно се потенцираат апелите од Македонија, или приготвените во самата Бугарија, во врска со прашањето за Македонија. При ова не се изнесуваат експонентите што нив ги лансирале. Наполно се игнорирани податоците во врска со активирањето на видните македонски општествено-политички дејци пред заклучувањето на мировниот договор и по него, а особено на Д. Робев, за местото на Македонија во новонастанатата ситуација и ветувањето на нејзината автономија или независност. (Види: Х. Андонов-Полјански, Сан-Стефанска Бугарија, Скопје 1968, 32—33). Исто така, не е образложено прашањето околу невлегувањето на руските војски во Македонија и нереализирањето на Сан-стефанскиот мировен договор. Авторот без никаква основа и аргументи изведува заклучоци околу создавањето на „сан-стефанска Бугарија“, која всушност, не била реализирана и останала само во клаузулите на самиот договор. Истото тоа се однесува и до ставот на авторот дека овој договор го „уредил бугарското национално прашање“ (с. 158). Призмата врз која се решавало ова прашање не е објаснета. Слична тенденциозност среќаваме и во поглавјето за становиштата на западните држави спрема Сан-стефанскиот мировен договор. Воопшто не се потенцирани врз објективни мерила становиштата и политиката на то-

гашните сили, особено отфрлањето на сан-стефанското решение, проектите за автономија на Македонија, ставот на руската царска политика спрема ова прашање и нејзината согласност за таква реализација. Тоа не се подвлекува како едно реално решение на проблемот, туку само како тенденциозна политика на силите. (Види поподробно: Х. Андонов-Полјански, Op. cit., 25—33.) Тоа го среќаваме и во третманот на становиштата на балканските држави. Се говори за определената политика на балканските буржоазии, а во нив не се вклучува бугарската.

Во поглавјето за Берлинскиот конгрес не се определува правилно фијаското на Сан-Стефано и реализирањето на сан-стефанска Бугарија". Се обвинуваат западните држави за ваквиот пресврт. При ова, не се споменува ни односот на Русија спрема прашањето за Македонија и за нејзината слобода. (Види: Х. Андонов-Полјански, Op. cit., 37—38.)

Во заклучокот авторот се обидува да извлече консеквенци во полза на својата теза. Наместо да се прифатат марксистичките становишта на Димитар Благоев, се лансираат туѓи на овие погледи, и тоа еднострanчиви и со определена цел. Така, решението на Русија да го прифати Берлинскиот договор авторот го смета како нејзина политичка и воена слабост. Како грешка тој го смета и невооружувањето на бугарскиот народ од страна на руската армија, не кажувајќи ги за тоа причините, потоа невклучувањето на териториите предвидени според Сан-Стефано во Бугарија (се мисли на Македонија и др.), изолираното решавање од страна на Русија на бугарското национално прашање и немањето обид во Македонија да се подигне востание. Исто така, авторот смета дека тогаш во Македонија имало „илузии“ за карактерот на Берлинскиот конгрес, но не се кажува кои биле тие (стр. 224). Авторот не ги конкретизира, на крајот, и последиците за Бугарија по Берлинскиот конгрес, особено врз натамошните нејзини дипломатски односи со Русија. Ни малку не се споменува образложеното од Димитар Благоев за фикцијата на „Сан-стефанска Бугарија“, која станала „за бугарските патриоти „национален идеал“, „велика национална задача“ на бугарските политичари.“ (Д. Благоев, Съчинения. T. 8, 526—527.) Таа фикција во текот на децениите станала знаме на великобугарската националистичка политика.

Во трудот се присутни грешки од принципиелен и стручен карактер. Пред сè, насловот не одговара наполно на содржината. Во образлагањето акцентот на главниот наслов како да не е присутен. Затоа и не се среќава еден преглед на политиката на големите сили, како и нивните економски интереси на Балканот и кон Бугарија, поспецијално. Во излагањето се забележуваат низа повторувања (на пр. 13—49 и 174—180 и сл.), материјални и печатни грешки, недоследности при цитирањето на архивските фондови и сл. (На некои од нив е укажано и во приказот за Исторически преглед (София) 6 (1968), 91—97). Тоа сведочи дека оваа студија иако третира еден мошне интересен проблем, не придонесува за неговото објективно и научно расветлување.

*Х.А.-П.*

## M. Paulová, Balkánské Valky, 1912—1913 Praha. A Český Lid. ČSAV 1963, 121

Книгава на универзитетската професорка по историја во ЧСР, проф. д-р Милада Паулова, издадена од Чехословачката академија на науките и рецензирана од проф. О. Ржиха и д-р Ј. Кржижек, е значајна балканолошка монографија за разгледуваната проблематика и една од првите повоени странски книги во кои Македонците се третираат како посебен народ. Таа истовремено е едно од врвните балканолошки дела на чехословачката повоена историографија. Содржински, проф. М. Паулова разгледува три основни проблеми: политичките и економките причини